РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА – Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| ПРИМЕНО: | 10.07.2026 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.Единица Njësia Org. | Број Numër | Прилог Shtojcë | Вредност Vlerë |
| 08 | 4634/1 | 0 | |


ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО
НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување на Законот за супервизија на осигурување, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Златко [illegible]
Мартин Стојановски
Бојан Стојмноски
Жан Дрвошанов
Лидија Петкоска

Предлагачи: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ,
по скратена постапка

.

Скопје јули 2026 година

ВОВЕД

I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 27/02, 84/02, 98/02, 33/04, 79/07, 8/08, 88/08, 56/09, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 45/12, 64/12, 23/13, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 31/20, 173/22 и 3/25) се уредуваат условите под кои можат да се вршат работи на осигурување на живот, неживотно осигурување и реосигурување, работи на застапување во осигурувањето, осигурително брокерски работи, основање, работење, супервизија и престанок со работа на трговските друштва за осигурување и реосигурување, осигурителните брокерски друштва и друштвата за застапување во осигурувањето, како и основањето и работењето на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Со членот 23 од Законот, се уредуваат условите за вршење на функција член на органот на управување во друштвото за осигурување. Согласно постојното законско решение, членот на органот на управување, меѓудругото, мора да е во постојан работен однос во друштвото за осигурување. Постоечката формулација „постојан работен однос“ е терминолошки неусогласена со законите кои го регулираат работниот однос и правата и обврските на органот на управување, односно Законот за работни односи и Законот за трговските друштва.

Имено, согласно член 350 од Законот за трговски друштва, правата и обврските на извршните членови на одборот на директорите, на членовите на управниот одбор, односно на управителот можат да бидат определени со договор за уредување на односите меѓу друштвото и извршен член на одборот на директорите, член на управниот одбор, односно управителот.

Дополнително, согласно член 54 од Законот за работните односи, ако договор за вработување склучуваат деловните лица (менаџери), во договорот за вработување страните можат поинаку да ги уредат правата, обврските и одговорностите од работниот однос особено за:

1) условите и ограничувањата на работниот однос на определено време;
2) работното време;
3) обезбедувањето на дневен и годишен одмор;
4) плаќањето на работата и
5) престанувањето на важноста на договорот за вработување.

Оттука, со цел усогласување со Законот за трговски друштва и Законот за работни односи, во однос на уредувањето на правата и обврските на членовите на органот на управување во друштво за осигурување, се предлага измената на Законот за супервизија на осигурување.

II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА

Целта на Предлогот на закон за изменување на Законот за супервизија на осигурување е усогласување со Законот за трговски друштва и Законот за работните односи, во однос на уредувањето на правата и обврските на членовите на органот на управување во друштво за осигурување.

III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот чие донесување се предлага не повлекува обврска за обезбедување средства за неговото спроведување од Буџетот на Република Северна Македонија.

IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не повлекува обврска за обезбедување дополнителни финансиски средства за неговото спроведување и материјални обврски за одделни субјекти.

V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Согласно со член 175 алинеја 1 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, имајќи во предвид дека не се работи за сложен и обемен закон, се предлага Собранието да расправа по Предлогот на закон по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Член 1

Во Законот за супервизија на осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 27/2002, 84/2002, 98/2002, 33/2004, 79/2007, 8/2008, 88/2008, 56/2009, 67/10, 44/11, 112/11, 7/12, 45/12, 64/12, 23/13, 188/13, 30/14, 43/14, 112/14, 153/15, 192/15, 23/16, 83/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 101/19, 31/20, 173/22 и 3/25), во членот 23 во ставот (2) зборовите: „во постојан работен однос во друштвото за осигурување” се заменуваат со зборовите: „во работен однос во друштвото за осигурување регулиран со договор за уредување на односите меѓу друштвото и членот на органот на управување (менаџерски договор)”.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија’’.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ

Со членот 1 од Предлогот на закон за изменување на Законот за супервизија на осигурување се врши усогласување со Законот за трговски друштва и Законот за работните односи во однос на уредувањето на правата и обврските на членовите на органот на управување во друштво за осигурување.

Со членот 2 од Предлогот на закон се уредува неговото влегување во сила.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Предложените одредби се меѓусебно поврзани. Како такви прават правна целина и се применливи.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените законски одредби се врши усогласување на законот со Законот за трговски друштва и Законот за работните односи.

## ТЕКСТ НА ОДРЕДБИТЕ ОД ЗАКОНОТ ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ КОИ СЕ МЕНУВААТ

Услови за вршење на функција член на органот на управување во друштвото за осигурување

Член 23

(1) За член на орган на управување може да се именува лице кое ги исполнува следниве услови:

1) мора да има високо образование и пет години успешно работно искуство од областа на финансиите или осигурувањето или три години работно искуство како лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување со активности соодветни на друштвото за осигурување во кое се именува и

2) да ги познава прописите од областа на осигурувањето

(2) Членовите на органот на управување мора постојано да ги исполнуваат барањата од ставот (3) на овој член, да се во постојан работен однос во друштвото за осигурување и барем еден од членовите мора да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо и да има постојано живеалиште во Република Северна Македонија.

(3) Член на орган на управување во друштво за осигурување не може да биде лице:

1) кое е член на орган на управување, надзорен орган или прокурист во друго друштво за осигурување или друго трговско друштво;

2) кое е член на Советот на експерти на Агенцијата за супервизија на осигурување или друго лице вработено во Агенцијата;

2-а) на кое му е изречена прекршочна санкција или казна забрана за вршење професија, дејност или должност, од областа на осигурувањето и финансиите;

2-б) кое за кривичните дела против имотот, кривичните дела против јавните финансии, платниот промет и стопанството, кривичните дела против службената должност, како и кривичните дела фалсификување исправа, посебни случаи на фалсификување исправи, компјутерски фалсификат, употреба на исправа со невистинита содржина и надриписарство од Кривичниот законик е осудено со правосилна судска пресуда на безусловна казна затвор над шест месеци, се додека траат правните последици од пресудата;

3) на кое му е изречена казна затвор за кривично дело против јавните финансии, против платниот промет и стопанството, против службената должност или против правниот сообраќај;

4) на кое му е изречена забрана за вршење професија, дејност или должност;

5) кое извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице во кое била воведена посебна управа или над кое е отворена стечајна или ликвидациона постапка, освен доколку недвосмислено, врз основа на расположливите документи и податоци се утврди дека лицето не придонело за настанување на условите за воведување на посебна управа, стечајна или ликвидациона постапка или функцијата ја вршело непосредно пред или по настанување на причините кои

довеле до воведување на посебна управа, отворање на стечај или спроведување на ликвидациона постапка;

6) кое е поврзано лице со правно лице во кое друштвото за осигурување директно или индиректно поседува сопственост на повеќе од 10% од капиталот или правата на глас во тоа правно лице;

7) кое не ги почитува одредбите од овој закон и прописите донесени врз основа на овој закон и/или не ги спроведувало или не ги спроведува и/или постапувало или постапува спротивно на мерките изречени од Агенцијата за супервизија на осигурување, со што биле или се загрозени сигурноста и стабилноста на друштвото за осигурување и

8) кое работи спротивно на одредбите од Законот за спречување на перење пари и други приноси од казниво дело и финансирање на тероризам и

9) за кое Агенцијата со решение одбила да издаде согласност за вршење на функцијата член на орган на управување и тоа најмалку во период од една година по датумот на донесување на решението за одбивањето на барањето за добивање на согласност.

(4) Доколку бројот на членовите на органот на управување се намали под минималниот број согласно со Законот за трговските друштва, надзорниот орган на друштвото е должен во рок од 60 дена од денот на престанувањето на функцијата на членот на орган на управување до Агенцијата за супервизија на осигурување да поднесе барање за добивање на согласност за именување на член на орган на управување.

(5) Одредбата од ставот (3) точка 7) на овој член не се однесува на лица кои за првпат се именуваат за членови на орган на управување.